ФЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09-604/10
21-05-2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 30 - та седница прво продолжение одржана на ден 18.05.2020 година донесе

**Одлука**

По утврдена повреда на член 63 став 1 и член 67 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (ЗСКСИ) од страна на лицето Драган Миновски, генерален директор на АД Електрани на Северна Македонија (ЕСМ) и доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност до Надзорниот одбор на АД ЕСМ, кој не утврди повреда на одредбите од ЗСКСИ од страна на именуваното лице, но и поради промена на фактичката состојба, лицето Драган Миновски повеќе не ја извршува функцијата генерален директор на АД ЕСМ, ДКСК го запира постапувањето, бидејќи нема законски основ за преземање мерки и активности за натамошно постапување по предметот.

Предметот со број 09-604/1 од 19.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Државната комисија постапуваше по предмет за постоење на сериозни индиции дека лицето Драган Миновски, генерален директор на АД ЕСМ има влијание во постапка за вработување на блиско лице на одреден функционер.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, Државната комисија се обрати до АД ЕСМ за достава на документација која се однесува на постапката за вработување на лицето Хидајете Алили, блиско лице (сестра) на министерот за култура Асаф Адеми.

По разгледување на доставената документација од страна на АД ЕСМ за лицето Хидајете Алили, Државната комисија констатира дека дека непосредно пред објавувањето на Јавниот оглас со бр. 04-539/2 од 30.01.2019 година за работното место Референт во Служба за правни и општи работи во АД ЕСМ Скопје, Подружница ХЕС Маврово – Гостивар, извршена е измена на Правилникот за внатрешна организација на АД ЕСМ Скопје на 16.01.2019 година со која се отвара истото работно место на кое подоцна е вработено лицето Хидајете Алили. Исто така, Државната комисија утврди дека образованието кое се бара како посебен услов во горенаведениот јавен оглас се совпаѓа со образованието кое го има лицето Хидајете Алили. Одлуката за избор на кандидати по јавен оглас со бр. 04-539/2


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

од 30.01.2019 година, со која е избрана Хидајете Алили за работно место референт во Служба за правни и општи работи во АД ЕСМ Скопје, Подружница ХЕС Маврово – Гостивар, е потпишана од страна на ВД директорот на подружница, м-р Ѓорѓи Божиноски на ден 07.02.2019 година.

Имено, Државната комисија од увидот во доставената докуменатција констатира дека е водена нетранспарентна постапка, односно нема спроведено интервју со пријавените кандидати, нема ранг листа на пријавените кандидати со бодирање, туку само листа на пријавени кандидати, по што се даваат индикации дека работно место е креирано за лицето Хидајете Алили.

Во недостиг на ранг листа, ниту записник за бодирање на кандидатите што биле повикани на интервјуа, очигледно е постоење на висок степен на дискреција Генералниот директор да одредува со кое лице ќе се склучи договор за вработување, со што настанува прекшување на начелото на еднаквост и злоупотреба на дискреционото право од страна на службените лица.

Во овој случај, иако вработувањето е спроведено согласно Законот за работните односи кој иако изричито не предвидува одредена постапка при вработување за секоја област, во член 6 и 7 забранува секаква директна или индиректна дискриминација, што подразбира дека е обврска на работодавачот да донесе интерна постапка за спроведување на фер и транспарентна постапка за вработување.

Државната комисија констатираше дека од страна на одговорното лице на АД ЕСМ е повреден член 63 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно во вршењето на неговите дискрециони овластувања не ја донел одлуката совесно, водејќи сметка за сите факти и околности во конкретен случај.

При ваква фактичка состојба, Државната комисија констатираше дека лицето Драган Миновски , генерален директор на АД ЕСМ постапило спротивно и на член 67 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Поради наведените причини, Државната комисија до Надзорниот одбор на АД ЕСМ, достави Иницијатива за поведување на постапка за утврдување на одговорност за службеното лице Драган Миновски, генерален директор на АД ЕСМ со бр. 09-604/5 од 17.05.2019 година.

Државната комисија достави и Известување со бр. 09-604/6 од 28.05.2019 година до Владата на РСМ во врска со поднесената иницијатива за поведување на постапка за утврдување на одговорност за службеното лице Драган Миновски, генерален директор на АД ЕСМ, на нивно запознавање, бидејќи ВРСМ е основач на оваа институција, а каде од страна на ДКСК е утврдена повреда на ЗСКСИ.

По однос на поднесената Иницијатива, Надзор ниот одбор на АД ЕСМ достави одговор со бр. 09-604/7 од 16.07.2019 година, во кој е наведено дека не постојат фактички и законски услови за утврдување на одговорност на генералниот директор на АД ЕСМ, односно истиот постапувал во рамките на неговите статутарни и законски овластувања.

Покрај тоа, во одговорот е наведено дека, во Подружницата се укажала потреба од работник кој би бил задолжен за преведување на документација од англиски јазик на македонски јазик и обратно и имајќи во вид дека подружницата е во Гостивар, било оценето дека за ова работно место треба да се предвиди и познавање на албански јазик, по што е примена Хидајете Алили, која ги исполнувала во целост условите објавени во огласот.

Од страна на Владата на РСМ е разрешено лицето Драган Миновски, генерален директор на АД ЕСМ на ден 22.07.2019 година.

На седницата одржана на ден 18.05.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека по доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице Драган Миновски, Државната комисија нема законски основ за понатамошно превземање на мерки и активности согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk